М-р Васил ПЛУШКОСКИ

# УРБАНИТЕ ЛОКАЛНИ ЗАЕДНИЦИ – СОЦИЈАЛНО КОНСТРУКТИВИСТИЧКА ПЕРСПЕКТИВА

## 1. Вовед

Едно од основните прашања кога станува збор за локалните заедници, покрај прашањето на нивното дефинирање, е одредувањето на нивните граници.

Во социолошката литература денес постојат бројни дефиниции и концепти на заедниците. Меѓу нив, со текот на времето, се искристализирале две основи сфаќања. Првото, во кое заедницата се сфаќа како ентитет кој се развива врз основа на просторната блискост, т.е. заедничкото живеење на некој локалитет, а кој тип заедница вообичаено се означува како локална заедница, и второто сфаќање, во кое како основа на заедништвото се јавуваат процеси кои не се врзани за некое локално, просторно помало подрачје, како, на пример, заеднички интереси или припадност на иста етничка или религиска група, кои се означуваат само со терминот заедница.[1] Нашиот интерес во овој труд е насочен кон локалните заедници.[2]

Под локална заедница подразбираме група луѓе населени на одредено подрачје во чии рамки, преку систем на заемно зависни врски, тие задоволуваат многу од своите дневни потреби. Локалната заедница претставува самосвесна социјална единица и фокус на групната идентификација. Иако заедницата е локална географска и економска единица, обезбедувајќи многу од примарните добра и услуги за своите жители, таа нужно не мора да биде политички ентитет, како што нужно не мора да биде содржана во или дефинирана со административни граници, какви што се тие на градот или селото. Локалната заедница, исто така, имплицира постоење на одредена идентификација на нејзините жители со подрачјето на

---

1 Ваква дистинкција на основниот поим заедница прават, меѓу другите, Jessie Bernard, The Sociology of Community, Scott, Foresman and Company, Glenview, Illinois, 1973, str, 3-4 и James S. Coleman, "Community Disorganization and Urban Problems", str. 559 vo Robert K. Merton and Robert Nisbet (eds.), Contemporary Social Problems, Harcourt Brace Jovanovich, Inc., New York.

2 Тука треба да истакнеме дека доколку понатаму во текстот го употребуваме терминот заедница, тоа ќе се однесува на заедниците во територијална смисла на зборот, т.е. на локалните заедници.

кое живеат, како и нивна меѓусебна идентификација, чувство на споделени заеднички интереси и цели, одредена соработка и свест за постоење на заедницата како кај нејзините жители, така и во околното подрачје[3].

Локалната заедница претставува "рамка" на секојдневното битисување на луѓето, место за нивна средба со општеството. Во неа тие се среќаваат со сите институции на општеството на социјален, економски, културен итн. план. Во неа тие поминуваат поголем дел од својот живот и во неа тие се среќаваат со голем дел од нивните секојдневни потреби во областа на домувањето, екологијата, образованието, криминалот и друго.

Сево ова придонесува локалната заедница да има значајно место во нивниот секојдневен живот. Како таква таа истовремено претставува и релевантна социолошка и социјална појава без чие проучување голем дел од општествените појави и процеси би останале недоволно објаснети.

Во тој правец како значајно прашање се наметнува проблемот на утврдување на големината, т.е. границите на локалната заедница. Во дел од литературата, особено правната и политиколошката, многу често не се прави разлика помеѓу локалната заедница и локалните политичко – територијални единици.[4] Пристапувањето кон прашањето на локалните заедници како тие во сите случаи да се поклопуваат со политичко – територијалните локални единици не е докрај коректно. Имено, социолошките проучувања на локалните заедници покажуваат дека не може, во сите случаи, да се зборува за локалните заедници и единиците на локалната самоуправа како тие да се идентични социјални ентитети.[5]

---

3 Пошироко за дефинирањето на локалните заедници види во G. A. Theodorson and A.G. Theodorson, A Modern Dictionary of Sociology, Thomas Y. Crowell Company, New York, 1969 i Eugen Pusić, Komuna i općina, Informator, Zagreb, 1981.

4 Ваквото поистоветување може да се констатира во повеќе наслови од областа на правните и политиколошките науки, на пример, Miodrag Jovičić, Struktura i teritorijalna osnova lokalne samouprave u evropskim zemljama, Savremena administracija, Beograd, 1974; Владимир Митков, Основи на комуналниот систем и комуналната политика, Службен весник на СРМ, Скопје, 1978 и други автори.

5 Во 1911 година Чарлс Галпин, еден од основачите на руралната социологија, истражувајќи една рурална заедница во државата Њујорк, утврдил дека таа се состои од едно централно село во кое се лоцирани поголем број организации и институции кои ги опслужуваат жителите на тоа село и околните фарми. Таа заедница тој ја опишува како социјален дренажен басен составен од селото и околните фарми зад чии граници секој дом, секоја фарма се слива во некој друг басен. Но она што е поважно, тоа е фактот дека руралната заедница, која тој ја лоцирал, зафаќала делови од четири градски подрачја и на тој начин ги игнорирала административните граници поставени од државата. Наведено според Roland L. Warren, The Community in America, Rand McNally and Company, Chicago, 1972, str. 22-23.

Затоа ние во овој текст ќе се задржиме на прашањето за утврдувањето на границите на локалната заедница.

Интересот за проучување на локалните заедници во социологијата е мошне жив во текот на целиот нејзин развој. Меѓутоа, тој интерес не се движи во рамките на една генерална теориска линија. Прегледот на релевантната социолошка литература покажува дека социолозите при проучувањето на локалните заедници пројавуваат различни теориски и методолошки определби.[6] Ние во овој текст, од аспект на поставената цел, ќе се задржиме на анализата на еден од повеќето можни теориски пристапи, на социјално конструктивистичкиот.

## 2. Односот на локалната заедница кон своето опкружување и односите во самата заедница

Фактот што современите локални заедници, за разлика од поранешните периоди, не се изолирани, автархични социјални ентитети, во голема мера го отежнува прашањето за одредување на нивната големина, односно граници. Локалната заедница денес, посматрана како целина, е поврзана со многубројни врски со соседните заедници и со институциите на општеството. Во оваа анализа на прашањето за големината на локалната заедница, ние сепак овој аспект, прашањето за нејзиниот однос со институциите на општеството, ќе го оставиме малку настрана, не затоа што не е значаен дел од животот на заедницата, туку затоа што во правец на барање одговор на прашањето за големината на локалната заедница поважен ни е во овој момент нејзиниот однос кон другите локални заедници кои се наоѓаат околу неа, како и односите внатре во самата заедница, односно врските помеѓу составните делови на заедницата.

Артур Видич и Џорџ Бенсман во студијата "Малиот град во масовното општество" посебно ја нагласуваат значајноста на врските помеѓу Спрингдеил, локалната заедница која тие ја проучуваат, и поширокото општество. Тие утврдуваат дека дури и оние локални достигнувања на кои локалното население било многу гордо, во голема мера е резултат на делувањето на "имперсоналната машинерија на надворешните организации". Влијанието на екстерните

6 Пошироко за различните пристапи при проучувањето на локалните заедници види во Roland L. Warren, The Community in America, Rand McNally and Company, Chicago, 1972, str. 22-51 и Jessie Bernard, The Sociology of Comunity, Scott, Foresman and Company, Glenview, Illinois, 1973, str.33-120.

фактори се забележува во сите сфери на животот на таа заедница – бизнисот, фармерството, политиката, образованието итн., кои и покрај локалниот колорит кој им го даваат жителите на Спрингдеил, се под силно влијание на разни владини програми за развој на руралните подрачја, изградба на патишта, реформа на образовниот систем и друго.[7]

Но и покрај тој факт, кај жителите на Спрингдеил се забележува силно изразена свест за нивната посебност и чувство на приврзаност кон сопствената заедница, т.е. чувство на меѓусебна идентификација и идентификација со локалитетот на кој што живеат. Според согледувањата на Видич и Бенсман, тие за себе мислат дека се посебни, поинакви и многу подобри во споредба со жителите на другите, соседни локални заедници, особено урбаните. Себеси тие се нарекуваат "обични луѓе", термин кој служи за разликување на жителите на Спрингдеил од урбаното население кое го нарекуваат "градски луѓе", израз кој според тонот со кој тие го изговараат, имплицира дека градските луѓе се помалку среќни бидејќи се одвоени од вредностите на руралниот живот.[8]

Терминот "луѓе" ги опфаќа подеднакво сите кои живеат во заедницата, односно жителите на Спрингдеил својата заедница ја гледаат како хомогена целина во која сите, богати или сиромашни споделуваат исти морални вредности: чесност, добрососедство, спремност да се помогне, трезвеност и љубов кон сопствената заедница. "За жителите на Спрингдеил тој (изразот 'обични луѓе' – заб. моја) сугерира здрав семеен живот, луѓе чиј изговорен збор е исто толку добар како и пишуваниот договор, заедница на релегиозни луѓе и место каде 'секој се знае со секого' и 'каде можеш да му кажеш здраво секому'."[9]

Чувството на солидарност и идентификација меѓу жителите на локалната заедница, според авторите на студијата, има свои корени во нивното верување дека помеѓу нивната заедница и сите други локални заедници, особено соседните, постои суштинска разлика. Сите тие, од гледна точка на Спрингдеил, имаат стигма која не е присутна во нивната заедница. Така седиштето на округот е место на порок и корупција, универзитетскиот град во нивна

---

7 За овој аспект на животот во локалната заедница види поопширно во: Arthur J. Vidich and Joseph Bensman, Small Town in Mass Society. Class, Power and Religion in a Rural Community, Princeton, New Jersey, Princeton University Press, 1971.

8 ArthurJ. Vidich and Jiseph Bensman, ibidem, str. 29

9 ArthurJ. Vidich and Jiseph Bensman, ibidem, str. 30

близина е снобовско место, индустрискиот град е нехуман, населбата на имигрантите од Финска е "црвена" итн.[10] Во случај некој весник од соседните заедници да објави напис со негативна содржина за Спрингдеил, во заедницата доаѓа до моментна мобилизација и сите стануваат во нејзина одбрана. А на тој начин доаѓа до засилување на меѓусебната идентификација.[11]

## 3. Социјално конструктивистички модел на локалната заедница

Додека во другите теориски пристапи при проучувањето на локалните заедници нагласокот е ставен на нејзините функции, институции, на структурата на моќта во нив итн., во социјално конструктивистичкиот пристап нагласокот при нивното проучување е ставен на луѓето кои живеат во нив и на начините на кои тие ја дефинираат локалната заедница во која живеат. Во овој пристап централни термини при нивното дефинирање се идентификацијата и создавањето и одбраната на границите на локалната заедница.

Населбата, урбана или рурална, има своја физичка структура, односно објекти со различна намена, институции кои задоволуваат различни потреби на населението, резиденцијални квартови, транспортни и комуникациски линии, специјализирани активности според кои таа се разликува од другите населби, и, се разбира, население кое ја населува, живее и работи во неа. Тоа се доволен број карактеристики според кои можеме да дефинираме една населба, т.е. да го одредиме нејзиниот карактер. Но нас тука сега не интересира едно друго прашање. А тоа е дали луѓето, поединците и општествените групи, "живеат" во целата населба? Дали нивните секојдневни активности се простираат на просторот на целата населба и дали тие се идентификуваат со целата населба? Односно, дали тие, како своја заедница, ја чувствуваат целата населба или само некој нејзин дел?

Кевин Линч во студијата "Имиџот на градот"[12] истакнува дека во основата на секое разбирање на градот, т.е. урбаната заедница, социјалната интеракција во рамките на локалната заедница, лежи

---

10 ArthurJ. Vidich and Jiseph Bensman, ibidem, str. 30

11 ArthurJ. Vidich and Jiseph Bensman, ibidem, str. 31

12 Оваа студија кај нас е достапна во превод на српскохрватски јазик под наслов Slika jednog grada (Građevinska knjiga, Beograd, 1974). Во неа се изложени идеите на авторот во врска со планирањето на градовите. Тој врз основа на анализа на разни социолошки и антрополошки студии доаѓа до сознание дека човековата перцепција и дефиниција на просторот е социјално и културно детерминирана, односно дека природата и околината се всушност дефиниции

перцепцијата и искуството на самите жители на таа заедница. На ниво на личното искуство урбаните заедници се претстави во чија основа се општествено условените процеси на самодефинирање, односно дека урбаната заедница е социјално конструирана претстава. "Улицата Вашингтон, поставена среде некое поле, би можела да изгледа како трговската улица во срцето на Бостон, па сепак би била целосно поинаква. Секој граѓанин, на некој начин, се сродил со некој дел на својот град, а неговата слика за градот е натопена со спомени и значења. Подвижните елементи на градот, а тоа се особено луѓето со своите дејности, се исто толку значајни, колку и стационираните физички делови. Ние не сме само обични набљудувачи на спектаклот, туку у самите учествуваме во него, заедно со останатите учесници. Нашата перцепција на градот, најчесто не е непрекината, туку повеќе делумна, фрагментарна и измешана со други работи. Речиси сите наши чула се непрекинато ангажирани, така што сликата на градот се склопува од сите тие впечатоци и запазување."[13]

Создавањето на претставата за градот, според Линч, е двонасочен процес помеѓу набљудувачот и она што тој го гледа. Тоа што е видено се засновува на надворешниот, физичкиот изглед на градот, т.е. неговите објекти, но како човекот ќе ги интерпретира и склопи во една целина зависи од неговиот начин на "употреба" на градот и неговите интереси. Секој човек живее само во одреден дел или делови на градот и ја доживува урбаната околина од своја сопствена перспектива. Оваа перспектива во голема мера е под влијание на повеќе значајни атрибути со кои се одликува секој човек, како на пример неговата класна припадност, неговиот пол, возраст, занимање, етничка припадност итн. Оној кој од различни причини е помалку мобилен и повеќе врзан за одреден дел од градот (на пример, децата, пензионерите и слично) го доживува градот од поинаква перспектива за разлика од некој вработен човек кој живее во еден дел на градот, работи во друг дел, а дотаму секојдневно патува со автомобил. Додека првата категорија веројатно повеќе ја интересираат прашања поврзани со можностите за подобро снабдување во непосредната околина, можностите за непречена

---

на самиот човек. Преку нивно дефинирање човекот се самодефинира себе си. Своите сфаќања Линч ги проверува преку низа тестови на примерот на Бостон и утврдува дека секој поединец, под влијание на повеќе фактори, различно го перцепира градот, односно дека секој човек има своја сопствена претстава за градот во којшто живее.

13 Kevin Linč, Slika jednog grada, Građevinska knjiga, Beograd, 1974, str. 2.

игра во непосредна близина на домот и друго, тогаш втората веројатно е повеќе заинтересирана за можностите за што побрзо и поевтино секојдневно патување и безбедноста на сообраќајот. Така, бидејќи секој поединец зазема поинаков простор во однос на другите поединци и неговата претстава за градот ќе биде поинаква.[14] А бидејќи секој поединец на тој начин создава своја когнитивна мапа на градот во кој што живее, може да се рече дека секој "живее" во свој сопствен град, заклучува Кевин Линч во споменатата студија.

## 3.1. Когнитивни мапи

Процесот на когниција, сознавање на природата и човековата околина е во основа социјално условен. Начинот на којшто луѓето ја дефинираат средината во која живеат е условен од многубројни социјални фактори, како на пример, класната, половата, етничката припадност итн. Својата непосредна околина во која живеат луѓето ја дефинираат на начин како што всушност се дефинираат себеси. Така и сопствената локална заедница, како што видовме од студијата на Видич и Бенсман, тие ја дефинираат тргнувајќи од сопствените вредности, а во опозиција со другите соседни локални заедници.

Локалната заедница, како што истакнува Џеси Бернард[15], може да биде загрозена на повеќе начини, од поплави, земјотреси, пожари и други несреќи предизвикани од природата или човекот. Но таа може да биде загрозена и на друг начин. Локалната заедница или некој најзин дел може да биде загрозена или таа да чувствува дека е загрозена од нереди, инвазија од страна на други етнички или расни групи, од процесите на општествената автономија поради продирањето на организациите, ситуирани надвор од локалната заедница, во нејзиното ткиво.

На ниво на непосредното искуство, според Бернард, како главна грижа и закана за квалитетот на живеењето во одредена локална заедница не се проблемите кои обично од страна на "урбанолозите" се наведуваат, како транспортот, загаденоста на воздухот и водата, домувањето, урбаната обнова и слично, туку такви непосредни прашања како криминалот, насилството, малолетничката деликвенција, расните тензии и други непосредни закани за сигурноста и животот на локалните жители.[16]

14 Kevin Linč, ibidem, str. 169.

15 Jessie Bernard, The Sociology of Community, str. 149-162.

16 Jessie Bernard, ibidem, str. 150.

Тоа се проблемите кои треба секојдневно да се решаваат на ниво на заедницата. Како да се зголеми личната безбедност и безбедноста на децата и старите луѓе, со кого е безбедно човек да се дружи а со кого не? Ако треба човек да се пресели во друг дел од градот или во друг град, во кој дел од градот да купи или изнајми стан или куќа, кое соседство е добро и безбедно за живеење а кое не? Еден дел од овие проблеми можат да се решат со повикување на полицијата на помош или со преселување во добро обезбедени згради или населби. Но тоа не можат да си го дозволат , поради нивната финансиска состојба, сите луѓе, ниту пак полицијата може да ги реши сите случаи на загрозување на нивната безбедност. За решавањето на ваквите практични, секојдневни проблеми на луѓето им помагаат т.н. когнитивни мапи.

Претставата за една локална заедница, за нејзината безбедност, според Џералд Сатлс, се темели на когнитивната мапа за социјалната структура на заедницата, значи за луѓето кои живеат во таа заедница. Тоа е слика во главите на жителите на таа заедница која е создадена врз основа на нејзината физичката структура.[17]

Когнитивната мапа на една локална заедница или некој нејзин дел, се создава, во основа, на два начина. Првиот начин е директен, каде секојдневното искуство на луѓето, значи непосредно, каде самите жители на заедницата, секојдневно живеејќи во неа, гледајќи и учејќи, компонираат од добиените податоци когнитивна мапа на својата заедница, која им кажува со кого е безбедно човек да се дружи а од кого треба да се држи на дистанца. Вториот начин е индиректен, преку кој се создаваат когнитивни мапи за другите локални заедници, и тоа преку контакти со други луѓе, преку средствата за информирање и други посредни информации, овозможувајќи им на луѓето на тој начин и без да посетиле некоја локална заедница да знаат дали е таа безбедна за живеење или само за поминување низ неа.[18]

Значи когнитивната мапа, тоа е нејзината главна функција, обезбедува клуч за идентификација на локалната заедница или некој нејзин дел. Таа обезбедува информации за структуралните врски на нејзините жители, за тоа што се случува на локално ниво, за тоа кои се и какви се нејзините жители и какви се нивните меѓусебни

---

17 Gerald Suttles, The Social Construction of Communities, The University of Chicago Press, Chicago, 1972, str. 22.

18 За начините на формирање на когнитивните мапи види во Steve Jacob and A.E. Luloff, "Exploring the Meaning of Rural Through Cognitive Maps", *Rural Sociology*, No. 2, 1995, str. 262. Исто така, види Gerald Suttles, The Social Construction of Communities, str. 21-22.

односи. Истовремено таа обезбедува информации и за тоа кои луѓе се странци, т.е. кои не припаѓаат на нивната заедница. На тој начин когнитивната мапа придонесува не само за безбедноста на локалната заедница, туку и за нејзино разграничување од соседните заедници.[19]

## 3.2. Типови на социјално конструирани заедници

Алберт Хантер и Џералд Сатлс[20], врз основа на секундарна анализа на многубројни студии на урбаните заедници, при што како основни поараметри ги земаат големината на локалната заедица и степенот на меѓусебна идентификација на нејзините жители, развиваат четиристепена шема за нивна класификација. Тие четири типови локални заедници кои постојат во градот се улицата (face-block), бранетото соседство (defended neighborhood), заедницата со ограничена одговорност (community of limited liability) и проширената заедница со ограничена одговорност (expanded community of limited liability).[21]

Помеѓу двата основни параметри на оваа класификација, големината на локалната заедница и степенот на идентификација, постои инверзен однос. Колку една локална заедница е поголема, толку степенот на идентификација меѓу нејзините жители е послаб. И обратно, колку е таа помала, толку е посилен степенот на идентификација.

## 3.3. Идентитетот и границите на локалните заедници како социјални конструкции

Современите урбани локални заедници не треба да се сфатат како посебни, прецизно одвоени социјални ентитети, туку како "пирамида на прогресивно инклузивни групирања", односно во овој модел на локални заедници секоја помала резиденцијална група во целост е содржана во поголемата, создавајќи мрежа на меѓусебно поврзани локални заедници.[22] Треба да се истакне дека во процесот

19 Gerald Suttles, ibidem, str. 22.

20 Gerald Suttles, ibidem, str. 44-81.

21 При преводот на овие термини од англиски на македонски јазик си дозволивме мала слобода бидејќи некои термини не можат директно да се преведат на македонски. Нам, кога станува збор за терминот "улица" како тој не се совпаѓа во целост со она што под "face-block", како најсоодветен превод ни се виде терминот "face-block" подразбираат Хантер и Сатлс.

22 Gerald Suttles, ibidem, str. 45.

на создавање на локалните заедници, покрај нивните жители, кои преку когнитивни мапи ја дефинираат својата заедница во опозиција на другите заедници, значајна улога имаат и екстерните организации. Овие организации, кои се лоцирани надвор од локалната заедница и се организационо поставени на други хиерархиски и организациони нивоа, остварувајќи ги своите цели и интереси, се појавуваат како "непријатели" или "бранители" на локалната заедница, придонесувајќи на тој начин за нејзино консолидирање, односно за зацврстување на нејзиниот идентитет и граници.

Идентитетот на локалната заедница и нејзините граници се,според Хантер и Сатлс,најелементарни црти на подрачјето на локалната заедница. Идентитетот на локалната заедница е карактеристика која има многу конотации."Подрачјата можат да бидат познати како безбедни или небезбедни,да бидат интересни или досадни, убави или грди.Димензиите според кои резиденцијалните подрачја можат да се разликуваат се бројни, но изгледа дека тие се развиваат околу еден културен принцип: резиденцијалните групи се дефинирани во спротивност една на друга. Со други зборови,резиденцијалните групи го стекнуваат нивниот идентитет преку нивните највидливи меѓусебни разлики."[24]

Тоа значи дека една локална заедница,на пример,може да биде означена како црнечка,а друга како белечка, иако ниедна од нив не мора да биде хомогена по своите карактеристики.Една богата и почитувана локална заедница често пати се здобива со посебност иако е само малку различна од помалку богатите и почитувани заедници. Или,локалните заедници кои се идентификуваат со одредена етничка група не мора да содржат мнозинство од таа група,туку само релативна концентрација на припадници на таа етничка група во споредба со другите заедници во нејзина близина.На тој начин идентитетот на локалната заедница е отелотворен преку "контрастна структура "во која секоја локална заедница е позната како поинаква,различна од другите локални заедници,при што,веројатно,се позначајни релативните разлики меѓу нив отколку некои нивни широко споделени карактеристики.[25]

Идентитетот на локалната заедница не е "самородна"појава која произлегува од примордијалната лојалност кон родната грутка,местото во кое поединецот е роден и живее,туку е развојна појава.Како различни и понекогаш спротивставени една на

23 Gerald Suttles, ibidem, str. 50.

24 Gerald Suttles, ibidem, str. 50-51.

25 Gerald Suttles, ibidem, str. 51.

друга,локалните заедници го градат својот идентитет преку постојано "толкување" кое се одвива помеѓу самите жители на заедницата и луѓето надвор од неа. Притоа како средства се користат разни подметнувања, повикување на нешто или некого кога е во прашање соседната заедница (како што видовме од примерот на Спрингдеил), а во овој процес се вклучени и средствата за информирање, но и властите и други заинтересирани субјекти. Процесот во кој што локалната заедница го гради својот идентитет, така, може да биде сфатен како широк дијалог кој доведува до колективни претстави, кои се манифестираат преку когнитивни мапи, а кои се должат како на нејзините жители така и на жителите на околните заедници.[26]

Овој процес може да се илустрира преку повеќе примери. Многу локални заедници го добиле своето име од страна на некој друг, надвор од таа заедница, како во примерот на Левитаун, новоизградена субурбана заедница за која пишува Херберт Ганс.Таа заедница е изградена од компанијата Левит која го купила градското подрачје Вилингборо во близина на Филаделфија,ја осмислила нејзината физичка структура,а преку цените на куќите кои ги продавала во таа новоизградена заедница во голема мера го одредила и нејзиниот социјален состав.На тој начин покрај името и физичкиот изглед и идентитетот на таа заедница во голема мера бил одреден на самиот почеток на нејзиното заживување. Но, сепак, не треба да се занемари и улогата на жителите на оваа заедница во креирањето на нејзиниот идентитет.[27] Или друг пример. Според Сатлс, многу подрачја во Чикаго немале изграден идентитет и познато име се додека Ернест Барџес не ги идентификувал и лоцирал како посебни локални заедници.[28] Дека идентитетот на

---

26 Gerald Suttles, ibidem, str. 51-52.

27 За ова види поопширно во студијата на Херберт Ганс The Levittowners. Ways of Life and Politics in a New suburban Community (Columbia University Press, New York, 1982) Се разбира дека целиот процес на обликување на идентитетот на оваа заедница не е однапред завршен бидејќи, и покрај овие почетни и во голема мера детерминирачки фактори, значајна улога во дооббликувањето на идентитетот на заедницата имаат и нејзините жители водени од сопствените интереси.

28 Во дваесеттите години на овој век, Барџес, утврдил дека во Чикаго постојат 75 локални заедници. При утврдувањето на нивните граници тој во вид ги имал следниве критериуми:прво, времето на населување, растот и историјата на одредено подрачје; второ, постоењето на идентификација со локалното подрачје; трето, услужното подрачје на локалното трговско подрачје; четврто, дистрибуцијата на членството во локалните институции; и петто, природните и вештачките бариери како што се реката Чикаго и нејзините гранки, железничките линии, локалниот превозен систем, парковите, булеварите итн. Наведено според Albert Hunter, "Community Changer: A Stochastic Analysis of Chicago's Local Communities, 1930-60", American Journal of Sociology, No. 4, 1974, str. 923-948.

локалните заедници често пати им е припишан,т.е.наметнат отстрана, доволно јасно кажуваат имињата на некои заедници,како на пример Кинески град (China Town), Мала Сицилија (Little Sicilies), Црнечки град (Nigger Town) итн., бидејки е тешко да се поверува дека самите жители избрале за себеси имиња со навредлива или потсмешлива конотација.[29]

И во создавањето и одржувањето на границите на локалната заедница значајна улога,покрај нејзините жители, имаат и луѓето кои живеат надвор од таа заедница. Како граници на локалната заедница можат да се јават физички препреки кои сами по себе се доволни да намалат или спречат било каква интеракција помеѓу жителите на соединетите локални заедници.Тоа можат да бидат железнички пруги,широки и долги улици,паркови и слично.Некои од овие препреки се доволно големи за да не бидат лесно преминливи,но тие исто така означуваат ничија земја,подрачја кои во одредено време од денот е ризично да се преминуваат бидејки се неконтролирани или можат да содржат во себе скриени опасности. Како на пример криминалци,наркомани и слично.Такви бариери ја намалуваат или елиминираат комуникацијата помеѓу жителите на соседните заедници и на тој начин,покрај физички,стануваат и социјални граници помеѓу жителите на соседните локални заедници.[30]

Така идентитетот и границите на локалната заедница можат со право да се сметаат како колективни претстави, кои не произлегуваат единствено и целосно од внатрешниот развој на односите меѓу нејзините жители, туку исто така, произлегуваат од интеракцијата со нејзината околина.

## 3.4.Улица

Од гледна точка на поединецот,најелементарна социјална единица која произлегува од живеењето во непосредна близина, претставува мрежа на познајници кои станале тоа бидејќи делат исти или слични услови на живеење и користат исти локални погодности (улица, продавници, паркови, училишта и слично). Тоа се познајници кои, бидејќи живеат на иста улица, меѓусебно се познаваат од честите и редовни средби на улицата, во продавницата, автобуската постојка и други прилики. Она што ја одликува оваа социјална единица, не е толку заедничкото социјално потекло

29 Види во Gerald Suttles, ibidem, str. 52.

30 Gerald Suttles, ibidem, str. 53-54.

на нејзините жители, колку што е претпоставката во умот на секој поединец дека тој го познава секого бидејки тој живее во непосредна близина или ги користи истите погодности.[31]

Ваквата лабава мрежа не претставува соседство, а веројатно нема ни изграден поширок резиденцијален идентитет, ниту пак прецизни граници, бидејки таа се разликува по својот опфат за секој поединец член на оваа мрежа.По својата големина таа опфаќа мал простор, една улица или дел од градски блок.

Улицата, сепак, има одлики кои ја прават значајна просторна рамка за нејзините жители.Родителите ја користат како подрачје во кое треба да се ограничи играта на нивните деца, а на тој начин таа за децата станува пропишан социјален свет во чии рамки тие во голема мера ги создаваат своите другарски групи. За возрасните, улицата станува значајна социјална единица поради релативно лесната можност за мобилизација во врска со одредени прашања од заеднички интерес, а кои тешко можат да бидат решени ако тоа се остави само на надворешните организации и институции, кои и покрај нивната организираност на локално ниво често пати се нечуствителни на проблемите на помалите резиденцијални групи.[32]

## 3.5.Брането соседство

Нај малото градско подрачје кое има корпоративен, социјален идентитет кој им е познат како на неговите жители, така и на луѓето надвор од него е бранетото соседство. Функционално, според авторите бранетото сосетство може да биде сфатено како "најмала просторна единица во чии рамки сожителите сметаат дека постои релативен степен на безбедност на улиците во споредба со соседните подрачја."[33]

По својата големина тоа може да биде мало или големо,но несомнено е дека постои горна граница на неговата големина. Во деловите на градот каде што несигурноста е голема, бранетото соседство може да стане толку ограничено по својот опфат, така што да ги опфаќа само жителите на една зграда или жителите на улицата (fake - block). Но овие подрачја се премногу мали за жителите во нив да ги извршуваат секојдневните обврски како купување и слично. Бранетото соседство, општо земено,е доволно големо за во себе да содржи доволен број погодности, т.е.

31 Gerald Suttles, ibidem, str. 55.

32 Gerald Suttles, ibidem, str. 56-57.

33 Gerald Suttles, ibidem, str. 57.

организации и институции, како разни продавници, црква, клубови и слично, кои луѓето ги користат во својата секојдневна рутина, а може да опфаќа до неколку градски блокови.[34]

Бранетото соседство не се конституира подеднакво во сите делови на градот.Тоа е најприсутно во централниот дел на градот,а како се оди кон неговата периферија бројот на бранетите соседства се намалува.[35] Потребата од правила кои ќе го регулираат нечие просторно движење, според Сатлс,не е подеднакво изразена кај сите жители на градот или во сите негови делови.Градот,како форма на социјално организирано живеење,има сопствен апарат на социјална контрола чија задача е безбедноста на неговите жители. Но, исто така, тој апарат не е во можност да ја обезбеди целосно таа заштита. Неадекватноста на ваквата заштита е највидлива во оние делови на градот каде што постојат најостри судири помеѓу луѓето, каде што анонимноста е голема и каде што луѓето имаат мали гаранции дека секој кој живее тука ќе води сметка за законските и обичајните норми." Историски гледано, во САД, овие извори на девијација и конфликти тежнеат да бидат сконцентрирани во внатрешниот град. Тоа е местото каде што етничките и расните судири се уште многу видливи, неразводнети и непомирливи. Тоа, исто така, е дел од градот каде што густината на населеност и транзитноста на населението се најголеми и заедно предизвикуваат висок степен на анонимност."[36]

Внатрешниот град е место каде што исто така можат да се најдат и други знаци на постоење на бранетото соседство. Тука постојат улични банди кои прогласуваат своја територија, која ја бранат од странците и од сите оние кои не се жители на соседството. Тука е сконцентриран најголемиот број доброволни граѓански групи за заштита од насилство или згради со униформирани чувари и модерни електронски средства за заштита. Се разбира дека овие средства не им се подеднакво достапни на сите жители на централното градско подрачје но она што тие покажуваат е дека "постои општа согласност на жителите на внатрешниот град, подеднакво и кај богатите и кај сиромашните, неоходност секој од нив да ограничи прецизно подрачје во чии рамки тој може да се чувствува заштитен и безбеден."[37]

34 Gerald Suttles, ibidem, str. 57-58.

35 Gerald Suttles, ibidem, str. 34.

36 Gerald Suttles, ibidem, str. 32-33.

37 Gerald Suttles, ibidem, str. 34.

Во литературата, кога станува збор за соседството, една од неговите најчесто истакнувани карактеристики е постоењето на социјална кохезија изразена преку позитивна и сентиментална приврзаност кон соседите, локалните институции и локалната традиција. Несомнено дека таков вид на социјална кохезија постои, но колку таа е навистина силна и дали ги опфаќа сите жители на соседството, тоа е веќе помалку сигурно. Соседството не е единствената територијална група кон која може поединецот да биде приврзан, туку една од повеќето во кои тој остварува дел од своите интереси. Соседството е форма на припишано групирање, односно неговите членови се наоѓаат во слична положба без оглед на нивната волја. Тие можат да се иселат од него, но доколку останат во него тие мора да ги делат со другите негови жители истите услови.[38]

Степенот до кој некој од неговите жители е приврзан кон соседството и е заинтересиран за она што се случува во него е различен за секоја категорија од неговата популација. Инволвираноста зависи од повеќе карактеристики и има одлики на извесна специјализација, односно секој се вклучува во зависност од своите интереси, слободно време, професија и слично. Децата, поради нивниот начин на живот – училиште, другарски групи, спортски екипи итн. – се една од категориите на жители на соседството кои се најмногу приврзани за него и тоа за нив има големо територијално значење. Родителите со мали деца, домаќинките, старите луѓе исто така во голем дел од своите активности се ограничени на соседството. Но и возрасните, вработени во други делови од градот, самците и други, секој на свој начин, било поради личната безбедност или безбедноста на нивните семејства и нивниот имот, се исто така заинтересирани за она што се случува на локално ниво. Така преку напорите на сите категории население кои живеат во соседство се зацврстува социјалната кохезија во него, се зацврстуваат неговите граници и неговиот идентитет.

---

38 Gerald Suttles, ibidem str. 35. Некои автори, поради отсуството на позитивна и сентиментална приврзаност или нејзиното присуство во ограничена мера и нееднаквата дистрибуција на ваквиот вид социјална кохезија во сите соседства, сметаат дека соседството како значајна социјална единица не постои, односно дека тоа не може да претставува единица на социолошка анализа. Но ако така се размислува, смета Сатлс, тогаш таквиот начин на размислување го исклучува и семејството, бидејќи и во него не се сите негови членови секогаш цврсто и позитивно сентиментално приврзани еден кон друг.

## 3.6. Заедница со ограничена одговорност

Заедницата со ограничена одговорност, за разлика од бранетото соседство кое може да има или нема официјален идентитет даден од страна на надворешните организации, има таков идентитет, т.е. таа има име и граници кои се "институционално заштитени".[39] Таа опфаќа подрачје за кое се смета дека има некои карактеристики кои го одделуваат од соседните подрачја, а може да се карактеризира со повеќе или помалку нему својствени вредности или некое тематски одредено својство, на пример, може да го опфаќа услужното подрачје на едно средно училиште, на некоја јавна установа и слично.

При создавањето и одржувањето на идентитетот и границите на заедницата со ограничена одговорност голема улога, ако не и пресудна, многу поголема отколку кај бранетото соседство, имаат надворешните организации. Тие, иако организирани на градско или пошироко општествено ниво, настојуваат своите цели и задачи да ги остварат преку помали територијални организациони единици и за таа цел создаваат такви подрачја или ја зачувуваат репутацијата и границите на некои веќе постоечки резиденцијални подрачја. Примери за тоа се телефонските именици организирани според градски подрачја или соседства, на истиот принцип организирани статистички извештаи за одредени социјални проблеми, многуте деловни фирми кои рекламирајќи се како локални настојуваат да се наметнат на локалната клиентела, гласачките изборни единици или окрузи итн.[40]

Од овие примери очигледно произлегува дека заедницата со ограничена одговорност е социјална конструкција која е наметната, припишана, од страна на екстерните комерцијални и владини интереси. Сепак таа е, истакнуваат Хантер и Сатлс, "доволно реална и се состои од официјален идентитет и граници кои се инкорпорирани во подрачните модели на приватните и јавните организации."[41]

Меѓу овие заедници со ограничена одговорност обично постои несовпаѓање, односно услужното подрачје на локалната полициска станица не мора да се совпаѓа со услужното подрачје на локалното училиште. Со овие подрачја повторно може да се случи да не се совпаѓа подрачјето на локалната изборна единица итн. "Градовите

39 Gerald Suttles, ibidem, str. 58.

40 Gerald Suttles, ibidem, str. 58.

41 Gerald Suttles, ibidem, str. 59.

се всушност поделени во мозаик од заедници со ограничена одговорност кои меѓусебно не коинцидираат."[42] Од ова јасно се гледа дека луѓето во градот всушност живеат во повеќе заедници со ограничена одговорност и дека тие, од тој аспект гледано, имаат повеќе од еден идентитет.

Името на овој тип локална заедница произлегува токму од ваквата состојба. Бидејќи интересите на локалното население се поделени помеѓу повеќе заедници со ограничена одговорност чии граници не се поклопуваат, партиципацијата на тоа население во нив во голема мера е прашање на доброволен избор дали некој ќе се ангажира околу решавањето на некое прашање, а во многу помала мера станува збор за ангажман врз основа на самото место на живеење. Тоа значи дека организациите кои постојат во локалната заедница, политичките интересни групи и други организации привлекуваат само еден дел од локалното население. Како последица на тоа акцијата преземена во име на заедницата со ограничена одговорност станува специјализирана и свесно насочена кон ограничени прашања, на пример загадувањето, животниот стандард на локалните жител итн. Така интересите на жителите се само делумно опфатени преку тесно насочените групи во заедницата.

## 3.7. Проширена заедница со ограничена одговорност

Уште пошироко подрачје од заедницата со ограничена одговорност зафаќа нејзината проширена верзија. Таа претставува, може да се каже, речиси хипотетички ентитет, "нешто кое полека и внимателно се пробива на површина, но е се уште недоволно видлива."[43] Како претставници на овој најголем тип урбана локална заедница се јавуваат цели сектори од градот кои, официјално или неофицијално, се означуваат со некое име познато на сите, како на пример Ист Сајд или Саут Сајд во Чикаго, Ист Енд во Лондон итн.

До конструирање на проширената заедница со ограничена одговорност доаѓа, во најголем број случаи, со помош на медиумите кои покриваат еден сектор од градот или преку некои владини програми кои се спроведуваат на исто толку широко подрачје, преку напорите на трговските компании да создадат релативно прецизно дефинирани продажни и дистрибутивни подрачја и слично.[44]

---

42 Gerald Suttles, ibidem, str. 59.
43 Gerald Suttles, ibidem, str. 61.
44 Gerald Suttles, ibidem, str. 61.

Улогата на средствата за масовна комуникација, особено на локалниот печат, во консолидирањето на проширената заедница со ограничена одговорност, посебно ја потенцира Морис Јановиц.[45]

Според неговите зборови, локалниот печат е наменет на жителите на одреден локалитет или подрачје во рамките на метрополитенското подрачје, односно тој е наменет за географски и еколошки одредена публика во рамките на метрополитенското подрачје.[46]

Локалниот весник, односно весникот на одредена локална заедница, претставува специјализиран систем на комуникација и како таков е во контраст со повеќето средства за масовна комуникација бидејќи тој не е создаден за да стигне до најшироко можната публика и/или да достигне степен на најопшта идентификација. Тој "е еден од многуте институции и агенции кои партиципираат во процесот на интегрирање на поединецот во урбаната социјална структура на тој начин што му помага да го зачува сложениот баланс помеѓу локалните и не-локалните активности и ориентации."[47]

Покрај функциите иманентни на секој весник и медиум, локалниот весник за неговите читатели, според наодите на Јановиц, ги има следниве својства, односно функции. Тој од нивна страна е сфатен, пред сé, како помошен извор на информации во однос на "големите", национални весници, бидејќи во него поголемиот дел од објавените вести имаат најмногу или единствено локално значење, т.е. се од интерес само за подрачјето, локалната заедница во која тој се продава и чита. Исто така тој од страна на неговите читатели не се смета за политички весник или весник следбеник на одредена идеологија, туку пред сé за агенс на добросостојбата и прогресот во локалната заедница. Локалниот весник се смета за "проширување" на личните и социјалните контакти на читателите. Тоа произлегува од нагласокот што во неговотот уредување е даден на информирањето за делувањето на локалните доброволни здруженија и личните вести. "За мнозинството (читатели-заб.моја), тоа функционира како проширување и засилување на социјалните контакти кои што имаат реална егзистенција во локалната заедница."[48]

---

45 Moriss Janovitz, "The Imagery of Urban Community Press", str. 597-606, vo Cities and Society, Paul K. Hatt and Albert J. Reiss (eds.).

46 Moriss Janovitz, ibidem, str. 597.

47 Moriss Janovitz, ibidem, str. 598.

48 Moriss Janovitz, ibidem, str. 598-599.

Така, преку пишување за прашања од интерес за читателите во одреден дел од градот, преку огласи наменети за локалните потрошувачи, како медиум преку кој локалните жители можат да придвижат некое прашање (а кое како поединци или мали резиденцијални соседски групи се немоќни да го придвижат, т.е. не можат да дојдат во контакт со власта), односно преку неговиот нагласен интерес за локалните прашања итн. локалниот печат придонесува за зацврстување на идентификацијата и солидарноста меѓу жителите на повеќе соседни помали делови на градот кои дотогаш можеби не биле во меѓусебен контакт по однос на разни прашања кои ги засегаат сите нив.

## 4. Заклучок

Современите локалните заедници не се изолирани, автархични социјални ентитети чиишто граници можат едноставно да се утврдат, туку се ентитети кои, со многубројни врски, се поврзани со институциите на општеството. Затоа, одредувањето на нивните граници е едно од основните прашања кои треба да бидат одговорени пред да се пристапи кон социолошко проучување на самата заедница или на некоја појава присутна во неа.

Од погоре изложената анализа јасно се гледа дека во социјално конструктивистичкиот пристап на прашањето за големината, т.е. границите на урбаните заедници му е посветено големо внимание. Секоја населба има своја физичка структура, но кога се во прашање локалните заедници таа структура е недоволна за одредување на нивните граници. Затоа при дефинирањето на подрачјето на локалната заедница луѓето се служат со когнитивни мапи. Преку нив тие обезбедуваат клуч за идентификација на нивната локална заедница, односно на тој начин обезбедуваат информации за нејзината социјална структура.

Социјално конструктивистичкиот пристап на локалните заедници не гледа како на прецизно издвоени, посебни социјални ентитети, туку како на една во друга, помала во поголема социјална целина, содржани резиденцијални групи. Во нивното социјално конструирање покрај локалното население, учествуваат и жителите на соседните подрачја, како и екстерните организации. Личната ангажираност во активностите на самата заедница зависи од типот на кој што таа му припаѓа.

Vasil PLUŠKOSKI

**Urban Local Communities - A Social Constructivistic Approach**

*Summary*

*When talking on local communities one of the basic problems is the determination of their boundaries. Local communities boundaries can be located in different ways. The social constructivistic approach engaged in this article is one of them.*

*An analysis is focused on Gerald Suttles' urban communities model. An emphasis is given to the process of social construction of community boundaries and the agencies which facilitate it. Cognitive maps are very useful tool in that way.*

*Urban local communities can't be viewed as a isolated, self-sufficient social entities, but as a sociological model in which every smaller community is included in bigger one, and the relationships among them are numerous and manysided.*